Ovo je pregled DELA TEKSTA rada na temu "Stopanska banka (makedonski)". Rad ima 18 strana. Ovde je prikazano oko 500 reči izdvojenih iz rada.

Napomena: Rad koji dobijate na e-mail ne izgleda ovako, ovo je samo DEO TEKSTA izvučen iz rada, da bi se video stil pisanja. Radovi koje dobijate na e-mail su uređeni (formatirani) po svim standardima. U tekstu ispod su namerno izostavljeni pojedini segmenti.

Ako tekst koji se nalazi ispod nije čitljiv (sadrži kukice, znakove pitanja ili nečitljive karaktere), molimo Vas, prijavite to ovde.

Uputstvo o načinu preuzimanja rada možete pročitati ovde.

Sodr`ina

TOC \o "1-3" \h \z \u

Voved

Стопанска банка АД Скопје е најголема банка во Република Македонија според вредноста на капиталот и мрежата на филијали.

На почетокот на 2001. година Стопанска Банка АД Скопје беше преземена од Националната Банка на Грција – најголемата банкарска групација во Југоисточна Европа.

Стопанска банка АД Скопје има најголема мрежа на филијали во земјата која ја сочинуваат 25 филијали и 24 експозитури.

По преземањето од НБГ, Стопанска банка АД Скопје ја зајакна својата конкурентност преку интензивно реструктуирање. Банката воведе софистициран информационен систем и нова организациона структура, го исчисти своето кредитно портфолио, воведе стандардизирани процедури за кредитно одлучување, управување со ризиците и набавките, го намали вишокот вработени и стана водечка компанија во земјата во корпоративното управување. Денес, Стопанска банка АД Скопје е единствена домашна банка која е во состојба да врши он-лајн извршување на сите банкарски операции на целата територија на земјата и да обезбеди брзи и целосни информации во реално време.

Како членка на голема меѓународна групација, Стопанска банка АД Скопје има круцијална улога во зајакнувањето на финансискиот систем на Република Македонија. Таа им нуди на македонските компании и граѓани широка лепеза на најсовремени банкарски услуги само на чекор од нив.

Во декември 2004. година СТОПАНСКА БАНКА АД-СКОПЈЕ прослави шеесет години од своето работење. СТОПАНСКА БАНКА АД-СКОПЈЕ е најстарата и по многу критериуми најголема банка во Република Македонија, основана со Решение на Второто вонредно заседание на АСНОМ на 29 декември 1944 година под име МАКЕДОНСКА СТОПАНСКА БАНКА . Почнувајќи од далечната 1944. година, во услови на опустошена, воено разорена и аграрно заостаната земја, МАКЕДОНСКА СТОПАНСКА БАНКА израсна во модерна банка од универзален тип. Во изминатите неколку децении СТОПАНСКА БАНКА даде крупен придонес во економскиот развој и банкарството во земјата. Речиси секој изграден капацитет, реконструкцијата и модернизацијата во земјата беа поддржани со кредитни средства од СТОПАНСКА БАНКА. Затоа, СТОПАНСКА БАНКА е насекаде препознатлива - во фабричките хали, станбените и административните згради, на полињата каде се класи житото и раѓа лебот, на полињата каде се одгледува тутунот, на лозовите насади, во винарските визби, овоштарниците, оранжериите, преработувачките капацитети низ кои се финализираат плодовите на ова питомо и благородно поднебје. Од СТОПАНСКА БАНКА израснаа повеќе деловни банки, а кадарот дава придонес во целото банкарство во земјата.

Во шеесетдецениското опстојување СТОПАНСКА БАНКА АД-СКОПЈЕ минуваше низ многу реформи и транзиции и секогаш го јакнеше угледот и довербата во земјата и светот.

Денес, СТОПАНСКА БАНКА АД-СКОПЈЕ функционира како акционерско друштво со кое управуваат акционерите на банката.

На почетокот на новиот милениум СТОПАНСКА БАНКА АД-СКОПЈЕ целосно е приватизирана со инвестирање на реномирани странски стратешки инвеститори и тоа: Националната банка на Грција (НБГ), Европската банка за обнова и развој (ЕБРД) и Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ). Со реализацијата на Проектот за приватизација, кој значи нова фаза во развојот, СТОПАНСКА БАНКА АД-СКОПЈЕ го задржа своето име, правниот идентитет и континуитет во банкарските активности, а со новата реорганизација и преструктурирање ќе се трансформира во современа банка која ќе одговори на новите предизвици и барања на пазарната економија и регионалната соработка пошироко. СТОПАНСКА БАНКА АД-СКОПЈЕ била и ќе остане носител на прогресивните движења во економскиот сектор и во банкарството.

...

--------------------OSTATAK TEKSTA NIJE PRIKAZAN. CEO RAD MOŽETE PREUZETI NA SAJTU.---------------------

www.maturskiradovi.net

MOŽETE NAS KONTAKTIRATI NA E-MAIL:

maturskiradovi.net@gmail.com